Не се случило само она што не било во весниците

# ШТИПСКИ Глас

Штипски месечник

Број 151

Мај 2025 г.

цена 20 денари,

**Марија Минчева Андонов, актерка во Театар Штип, добитничка на наградата за најдобра женска улога на фестивалот „Војдан Чернодрински“**

## Театарот има моќ да лекува, да воспитува...



Quehenberger logistics

AKTIVA

ДЕУС ОПТИК
СИТЕ ВИДОВИ НА ДИОПТРИСКИ И СОНЧЕВИ НАОЧАРИ И БЕСПЛАТНО КОМПЈУТЕРСКО ОДРЕДУВАЊЕ НА ДИОПТРИЈА

Авто сервис Рибата



*Со Иле НИКОЛОВ, првиот човек на Актива дооел, добитник на признанието на новинарите од регионот за животно дело*

## Актива е семејство на 600 вработени кои секој ден го даваат својот придонес во успесите на компанијата



## „Најдоброто од Истокот“ замина на 16 адреси, признанието за животно дело за Иле Николов, човекот кој ја создаде и разви „Актива“ дооел

**Проф. д-р Дејан Мираковски со нов ректорски мандат**



## Визионерска универзитетска заедница, која става акцент на квалитетот, иновациите...

**Туристичка агенција „Медитеран“**



*Радмила Коцева*

## Грција пред сé

## Штип е пред збогување со епитетот „Град на текстилот“

*Иван Бојаџиски*



# Иван и Павел

## 1

Повеќе нема непознаници. Политичките карти се на маса и штипјани ги добија имињата на двајцата кандидати на најголемите политички партии и нивните коалиции за градоначалничката функција, кандидати за кои полнолетните штипјани ќе се изјаснуваат на локалните избори во месец октомври, годинава.

Канидатот на ВМРО ДПМНЕ е познат од пред три месеци. Тоа е актуелниот градоначалник, дипломираниот економист м-р Иван Јорданов. Кандидатурата на Јорданов и не беше некое изненадување, ако се имаат во предвид високите оценки кои неговата партија ги искажуваше на дневна основа за него и неговата работа. Во извесен период од тековната-изборна година, во градските кулоари се говореше дека Јорданов ќе оди на некое министерско место и дека владеачката партија ќе има друг кандидат на локалните избори за градоначалник на Штип, но се покажа дека партијата на Јорданов одлучила да оди на сигурно, верувајќи во тоа дека токму тој е непобедливата личност на овие избори, заклучок кој партијата го извлекла од анкетите за работата, остварените резултати, а со тоа и популарноста на Јорданов во општински рамки.

За разлика од ВМРО ДПМНЕ која за Штип се одлучи многу рано, а нашиот весник тоа и го објави, социјалдемократите подоцна го соопштија името на својот кандидат. До личноста која треба да ја трча градоначалничката трка Партијата дошла преку предлози изнесени во јавни дебати на нивните ограноци во урбаните заедници но и преку самокандидатура. Не е некоја тајна дека на крајот приказната спаднала на три имиња – Павел Иванов, актуелен претседател на Општинската организација, Биљана Казанџиска и Никола Рилак. Конечната одлука е донесена од највисоките органи на партијата во Скопје и јавно објавена, па сега на Павел Иванов, 39 годишен дипломиран правник кој во СДСМ е од млади години е да ја оправда довербата. Во партијата сметаале дека Павел има капацитет и морален интегритет да му се спротивстави на Јорданов, и дека неговите шанси Штип да добие нов градоначалник биле реални.

Ова е само почетен текст за локалните избори кој како уредник на Штипски Глас го пишувам на околу сто и нешто дена пред изборите кои, како и во секоја друга општина, така и во Штип се очекуваат со нетрпение. За мене лично како новинар со најдолг стаж во државата, е од посебна важност дали во личноста на Иван Јорданов ќе го добиеме само вториот градоначалник на Штип, и дали тоа ќе се случи токму во јубилејната 80 годишнина од моментот кога Штип избирал градоначалник. Да потсетам дека единствената личност која до ден денешен успеала да врзе два градоначалнички мандата и ја водела општина осум години е Михаил Данев кој на оваа функција беше во периодот 1974-1982 година.

## 2

Метеоролозите најавуваат мошне топло лето. Велат дека температурите ќе одат до над 40 степени целзјусови. Дали и летово ќе се капеме во сопствената пот? Најверојатно. Барем оние кои ќе немаат можности да заминат, макар и на само недела дена, на одмор, некаде на море. А таквите се во големо мнозинство.

Штип е еден од најтоплите градови во државата. И затоа на штипјани посебно им  е потребен голем базен на кој за мали пари ќе можат на дневна основа да се разладуваат по напорната работа или учење. А градот нема базен. Никаков. Ниту мал, а камо ли голем. И тоа е работа која Штип мора да си ја обезбеди.

Ова го пишувам на база на една информација видена и слушната на српска телевизија. Медиумот од оваа нам соседната држава објави дека повеќе општини во Белград имаат базени со олимписки димензии и сите тие бесплатно се ставени на услуга на граѓаните. Градоначалникот на една таква општина јавно ги повика граѓаните да го користат големиот базен и така да се релаксираат од топлото време.

Мислам дека тоа е нешто што „дебело“ му фали на нашиот град. Еден убав, голем базен, со се што си треба на него, а ако по примерот на белградските општини не може да биде сосема бесплатен престојот во него, барем да биде по најниски цени за задоволството да биде достапно за поголем број граѓани на Штип.

Многу локални власти до денес „граде“  базени. отворени, затворени, со вода која ќе се загрева, убави, најубави...а градот и понатаму е на суво.

Ова е една порака до градоначалникот кој од ноември месец ќе раководи со градот. Штип отсекогаш бил титулиран како град на меѓусебната солидарност, а еден таков базен за сите само ќе ја продолжи убавата приказна за нас.

# Грција пред сé



Радмила Коцева

Туристичката агенција „Медитеран“ е првата агенција од ваков вид во Штип. Формирана е пред 33 години, а во неа работат инспиративни, главно млади луѓе, кои на фин, културен и квалитетен начин знаат да ја доближат својата понуда до секој граѓанин и (или) до секое семејство кои сакаат да поминат убав годишен одмор од седум, десет или петнаесет летни денови, главно на море.

-На годишно ниво, нашата агенција во просек обезбедува одмор по нивна желба за околу 10.000 граѓани. Со аранжманите започнуваме на почетокот од секоја календарска година кога истите ги објавуваме јавно и кога заинтересираните имаат можност по нешто пониски цени да си обезбедат и време и место за својот одмор. Сакам да укажам на фактот дека „Медитеран“ во посакуваното туристичко место Пефкохори на Халкидики во Грција има своја вила која го носи името на нашата агенција за која интересот е голем и секоја година е комплетно закупена. Имаме под закуп и други вили сите се со одличен квалитет и се многу барани од нашите клиенти, вели Радмила Коцева, референт за продажба.

***Грција е најпосакуваната дестинација за одмор на нашите луѓе. Според Коцева тоа е така поради близината на атрактивните одморалишта, бистрите морски води, бескрајните песочни плажи и условите за убава ноќна забава.***

Грција е најпосакуваната дестинација за одмор на нашите луѓе. Според Коцева тоа е така поради близината на атрактивните одморалишта, бистрите морски води, бескрајните песочни плажи и условите за убава ноќна забава.

-Има интерес и за Шпанија, Турција (главно Анталија) , Тунис, Египет но Грција и нејзиното море се убедливо најпосакувани како дестинација за добар одмор. Нашето искуство ни кажува дека од година во година се зголемува бројот на наши сограѓани кои сакаат организиран одмор во квалитетни летувалишта коментира Коцева за Штипски Глас.

Во Туристичката агнција „Медитеран“ сé поголем е бројот на луѓе кои и веруваат на агенцијата и со години на ред организацијата на нивниот одмор го доверуваат на оваа агенција која никогаш не ги има изневерено надежите и очекувањата на оние кои им ја дале довербата.



Вила Медитеран

-Услугите на ТА „Медитеран“ не ги користат само штипјани туку и многу граѓани од Куманово, Скопје, Велес но и од други места во Источниот регион. Организацијата на годишниот одмор ни ја доверуваат луѓе од сите генерации – повозрасните, средната ѓенерација и најмладите. Секој си избира место и време по своја желба. За удобен транспорт од местото во кое живеат нашите клиенти до местото кое го избрале за одмор ние имаме свои автобуси кои се препознаваат по написот на нив - „Медитеран“. Наша света мисија е луѓето кои ни ја дале довербата да бидат задоволни па и наредната година на одмор да заминат преку нашата агенција, појаснува Радмила Коцева.

***„Има интерес и за Шпанија, Турција (главно Анталија) , Тунис, Египет но Грција и нејзиното море се убедливо најпосакувани како дестинација за добар одмор. Нашето искуство ни кажува дека од година во година се зголемува бројот на наши сограѓани кои сакаат организиран одмор во квалитетни летувалишта“ коментира Коцева за Штипски Глас.***

Македонскиот човек во просек одмора по една недела, а финансиските обврски во „Медитеран“ може да ги подмири на три до шест рати. Во оваа туристичка агенција укажуваат дека во услови на развиена интернет технологија голем дел од граѓаните воопшто и не доаѓат во просториите на агенцијата туку своите резервации ги прават преку интернет.

**Со Иле НИКОЛОВ, првиот човек на Актива дооел, добитник на признанието на новинарите од регионот за животно дело**

# Актива е семејство на 600 вработени кои секој ден го даваат својот придонес во успесите на компанијата

На Иле Николов, создателот на Актива, компанија која минатата година одбележа 25 години од постоењето и за тоа време од само десеттина вработени порасна во стопански гигант, семејство со над 600 вработени лица, новинарите од Источниот регион му го доделија признанието за животно дело во областа на стопанството. Ова признание на Николов свечено му беше доделено на завршната вечер од манифестацијата „Најдоброто од истокот“ одржана во преубавиот хотел Мајбери во Свети Николе. За нас одличен повод за интервју со Иле Николов во кое искусниот стопанственик говори за значењето на признанието, искушенијата низ сите 25 години работа и развој, сегашноста и иднината на Активаа дооел.

**➲Г-дин Николов, што Вам ви значи признанието за вашето животно дело, вашата Актива?**

-Сакам на почетокот да го изрзазам моето задоволство што новинарите од регионот направиле една преубава манифестација која дава можност на многу успешни луѓе од нашиот регион да бидат пошироко афирмирани за нивниот личен успех, да бидат наградени со соодветни признанија и со тоа да се даде поттик и на другите да работат успешно, да постигнуваат резултати, да бидат препознаени од новинарите и да добијат вака вредни признанија. Нашата држава треба да биде горда што има успешни луѓе, а од самата манифестација видовме дека такви ги има од сите генерации, од најмлади до повозрасни кои, со својата работа и успешни резултати станале позитивен пример за она кое значи работа и само работа.

Преку оваа прекрасна манифестација на новинарите уште еднаш се покажа дека нашата Македонија има успешни луѓе кои треба да се негуваат, а нивниот успех треба да дојде до највисоката власт во државата за и таа да даде поддршка и да се зголеми кампањата за вакви успеси кај поголем број граѓани. Лично многу сум задоволен што новинарите од регионот го препознаа моето работење во изминатите 25 години и што визијата за Актива ја донесовме до овој степен, а на новинарите од регионот многу сум им многу благодарен за тоа што ми го доделија највисокото признанието во рамките на манифестацијата „Најдоброто од истокот“ за мојата посветена работа во стопанството во изградбата на компанијата Актива.

**➲Почетоците на секоја нова работа, а посебно почетоците при основањето компании кај нас, во принцип, се доста тешка работа. Како тоа одеше во случајот со вашата Актива?**



*Иле НИКОЛОВ*

-Ние бевме од првата транзициска генерација и периодот од 1990 до 2000 година го поминавме многу тешко. Трансформацијата на општествениот капитал се одвиваше со многу проблеми и беше исполнета со многу непознаници, а како пионери во таа област моравме добро да го проучиме системот за трансформација на општествениот капитал за кој постоеше закон. Тогаш постоеше законската можност за отоворање приватни фирми со скромен основачки влог дозволен во тоа време за буквално од нула да се започне нешто ново. Ние верувавме во себе и тргнавме да го изодуваме тој трнлив пат.

**➲Кога одлучивте да се „роди“ Актива?**

-Во втората половина на 1999 година и од тогаш до денес нашата компанија успешно се носи со забот на времето, со предизвиците и искушенија. Тој и таков развој ја донесе нашата компанија до степен таа да стане успешен и препознаен бренд во нашата држава, во погоелмиот дел од Европа и пошироко и сето тоа благодарение на квалитетот на она кое го работиме и секогаш навремената испорака на нашите производи од металопреработувачката дејност, производи наменети за поголем број европски и светски компании.

**➲Што е Актива денес?**

-Компанијата располага со 40.000 метри квадратни производни погони и инфраструктура од 200.000 метри квадратни како површина за иден развој, интерни сообраќајници, пристапни патишта, отворени складишта за репроматеријал и готови производи. Располагаме со сопствен капитал во недвижности и машини за производство, градежна механизација, возила и друго во вредност од околу 60 милиони евра, а вкупниот приход на годишно изнесува околу 50 милиони евра. Конечно, Актива е и семејство од 600 вработени кои секој ден го даваат својот придонес во успесите на компанијата, а меѓу кои се и 40-на инженери, главно млади луѓе што е кадар со кој посебно се гордееме. Овој кадар перманентно се едуцира во нашата компанија благодарение на најсовремениот машински парк

со високософистицирани cnc машини кои се комплетно автоматизирани и компјутерски водени. Сакам да потенцирам дека ние и во структурата на вработените во непосредното производство имаме поголем број млади луѓе кои успешно и квалитетно работат во производните погони и придонесуваат за успехот на компанијата.

**➲Според Вас кои фактори најмногу влијаеа на вашиот импресивен развој?**

-Еден од успешните фактори за растот на компанијата е перманентниот развој и инвестирањето во најнови технологии притоа следејќи ги најновите случувања во оваа област на европско и светско ниво. Со ваквата филозофија на работењето успеавме да се наметнеме кај инопартнерите и останатите инвеститори со квалитет и професионалност на менаџерскиот и инженерскиот тим кој доста успешно ја раководи компанијата во овој период. Би сакал да напоменам дека Актива дооел е семејна компанија во која целото семејство работи во истата и дава голем придонес во нејзиниот развој и работа.

**➲Факт е дека Актива активно придонесува за промена на трудоинтензивноста на штипското стопанство, па оттука од исклучително значење е вашата проекција за иднината на вашата компанија. Би било пожелно за нашите читатели да кажете нешто повеќе на оваа тема.**

Нашиот иден развој го темелите пред се на примена на висока технологија во процесот на производството од металопреработувачката дејност. Овде сакам да напоменам дека сме прва компанија на Балканот но и на еден малку поширок простор која во работниот процес применува најсовремена технологија за заварување на метални компоненти со помош на роботи за заварување како и комплетни роботски линии со кои што се врши заварување на доста сложени системи со висок квалитет, висока продуктивност и олеснување на мануелното заварување кое бара квалитетна работна рака за оваа област, а која работна рака сé помалку ја имаме на овие простори па и пошироко. Ние, секако, продолжуваме со развој и инвестиции преку набавка на нови автоматски и роботски линии и веќе имаме направено нови нарачки па очекуваме во текот на следните неколку месеци први во Македонија да имаме високо автоматизирана и роботоизирана машина за производство на одредени метални компоненти во процесот на производство. И во иднина остануваме лојални соработници во делот на производството на шасии за автобусите на белгиски Ван Хоол за холандискиот бренд VDL кој воедно е и нов сопственик на Ван Хоол. Продолжуваме и со изработка на метални компоненти – шасии за машини од областа на градежната механизација за германски Клемон, Вирген, Тисен Груп, Вајдеман како и за американската комапнија Фаст Глобал како и за уште неколку помали европски компании со кои имаме воспоставено успешна соработка.

**➲Каде ќе ги сместите сите тие машини од најновите технологии?**

-Ние сме компанија која перманентно инвестира во проширувањето на производните капацитети. Во моментов градиме производен капацитет од 8.000 метри квадратни во кој ќе биде сместена новата современа опрема за фарбање на метални компоненти како и новиот центар за финализирање на голем дел од сегашните полупроизводи во краен производ. Сакам да потенцирам дека сето ова го работиме со финансиска поддршка од поволна кредитна линија која е обезбедена од страна на Владата на Македонија за зголемување на производството и развој на стопанството.

**➲Нешто кое го сметате за важно, а како порака би сакале да го испратите до нашата јавност?**

-Би ја искористил приликата која ми се дава и преку весникот би дал еден совет до нашите млади луѓе кои влегуваат во светот на бизнисот, кои размислуваат каде и како да го креираат својот иден живот за да имаат успех што, секако, е желба на секој млад човек. Прво, младиот човек треба да има цврста верба во своите можности и способности и да свати дека со голем труд, посветеност и работа може да ги остварите своите соништа, да постигне голем успех во тоа што го работи. Притоа, младата личност треба да свати дека најдобро е својот сон да се обиде да го оствари во својата татковина, а не како што сега ни се случува како некоја нова мода секој да сака да ја напушти татковината. Успех и среќа во животот не е само да живееш и работиш во туѓа држава во која секогаш ќе бидеш странец и третиран како граѓанин од втор ред и се така до твоето второ или трето поколение.

Претопувањето на нашите млади луѓе и нивните семејства во туѓи земји, меѓу другото значи и губење на националниот идентитет, културата, традиција, обичаите. Мораме максимално сите да се посветиме да останеме во татковината, во неа да твориме и создава нови успеси, и секој од нас да даде свој придонес за развој на државата која е наша и своја, и сите заедно да создадеме амбиент за убав и достоинствен живот како за нас, за семејството, за пријателите и роднините.

**АКТИВА Е: Семејство на околу 600 вработени, компанија која располага со 40.000 метри квадратни производни погони и инфраструктура од 200.000 метри квадратни како површина за иден развој, интерни сообраќајници, пристапни патишта, отворени складишта за репроматеријал и готови производи. Нејзиниот сопствен капитал во недвижности и машини за производство, градежна механизација, возила и друго е во вредност од околу 60 милиони евра, а вкупниот приход на годишно ниво изнесува околу 50 милиони евра. Конечно, Актива е и семејство од 600 вработени кои секој ден го даваат својот придонес во успесите на компанијата, меѓу кои се и 40-на инженери, главно млади луѓе...**

# Центарот за развој на Источниот плански регион за 17 години реализирал 140 проекти вредни 2 милијарди денари!

Центарот за развој на Источниот плански регион е формиран согласно Законот за рамномерен регионален развој во мај 2008 година, а официјално започнува со работа во октомври 2008 година. Се работи за првиот центар кој како таков е формиран во државата, чиј развој од самиот почеток на функционирањето е поддржан од Германското друштво за меѓународна соработка (GIZ). Во овој период од неполни 17 години Центарот, со својата работ, за развојот на регионот обезбеди **две милијарди денири**!

-Главната идеја позади формирањето на центрите за развој на планските региони е планирање на регионалниот развој насочен кон намалување на диспаритетите во степенот на развој во и меѓу планските региони со цел остварување на рамномерен и одржлив развој на регионите. Зачувувањето и развивањето на посебниот идентитет на Источниот плански регион, неговата афирмација и развој е визија и цел на работата на Центарот за развој на Источен плански регион, вели **Трајче Здравков**, директор на Центарот и додава дека Улогата на центрите е особено значајна зашто тие претставуваат врска помеѓу чинителите на локално нивно и централните власти, кои преку редовни контакти со локалните власти, граѓаните, невладините организации идентификуваат проблеми, бараат решенија и иницираат промени на повисоко ниво.

-Вратата на Центарот за развој на Источен плански регион е отворена за сите кои имаат некаков проблем кој треба да се реши, имаат некаква идеја или сакаат да придонесат за подобрување на животот на граѓаните од Источниот плански регион. Стручната служба на Центарот за развој на Источниот плански регион брои седум редовно вработени лица. Застапени се сите профили: економисти, правници, политички науки, природни и технички науки. Благодарение на големиот број на проекти кои беа реализирани низ годините,бројот на надворешни соработници кои беа привремено ангажирани и дадоа свој придонес во подобрувањето на животот во Источниот плански регион е навистина импресивен.

**Имаме информација дека до денес преку Центарот за развој на Источниот плански регион во развојот на регионот се инвестирани над 2 милијарди денари?**

Тоа е точно. Навистина е привилегија да се посведочи на долгата листа на проекти кои што Центарот за развој на Источен плански регион ја има реализирано во текот на својата седумнаесетгодишна работа. Од денешна гледна точка, портфолиото на Центарот брои преку 140 проекти, инфраструктурни и подготовка на стратешки документи и студии, чија вредност надминува 2 милијарди денари и чиј бенефит е рамномерно распореден помеѓу сите 11 оп-



***Дом за стари лица во Берово***

штини. Овој факт беше потенциран и на последните неколку годишни конференции организирани од страна на Министерството за локална самоуправа, признание за кое сме особено горди. Во поглед на потеклото на изворите за финансирање, поголемиот дел од проектите се финансирани преку националниот буџет, но и од еврпски програми и фондови.

Можам да споделам дека во текот на 2020 година, Центарот за развој на Источен плански регион има добиено признание за Центар кој што има реализирано проекти со најголем буџет, во споредба со останатите Центри во државата. Сите овие признанија не прават да сме исклучително горди на својата работа

**Бараме од соговорникот Здравков да наброи барем десет најголеми проекти кои се реализирани преку Центарот во регионот.**

-Да избереш само десет помеѓу толку многу проекти е навистина тешка задача, бидејќи сите на еден или друг начин помогнале да се реши некаков проблем на граѓаните. Сепак, како поголеми капитални објекти кои што се реализирале преку нашиот Центар би ги вброил изградбите на мултимедијалниот центар „Киро Глигоров“ во Штип, на платформата  за паркирање во близина на здравствениот дом „Панче Караѓозов“ во Штип, на детската градинка „Виножито“ во населба Сењак во Штип, реконструкцијата на домот на културата „Тошо Арсов во Виница, изградбата на втората фаза од градскиот пазар во Делчево, изградбата на единствениот музеј за ретки минерали во Пробиштип, на туристичкиот инфо центар на Пониква, реконструкцијата на мултикултурниот центар во Кочани, реконструкција и адаптација на две ламели на домот за стари лица „Др. Иван Влашки“ во Берово, како и изградба на туристичкиот павиљон во близина на археолошкиот локалитет Баргала во општина Карбинци.

Секако, не помалку важни се и проектите за подобрување на атрактивноста на археолошкиот локалитет Баргала со електрификација, изградба на пристапни патишта и поставување на туристичка сигнализација, понатаму изградбата на рекреативниот ком-

плекс Равна Река во Пехчево, изградбата на Морошка и Виничка вада за наводнување и одводнување на земјоделските површини на територија на општина Зрновци, изградба на пристапни патишта до земјоделски обработливи површини, поплочување на населба Ново Село во автентичен стил, изградбата на паркот на Макфест, изградба на спомен обележје на местото на загинување на Никола Карев во Свиланово, реконструкција на сината сала и адаптација на административната зграда на општина Виница, изградба на систем за третман на отпадни води во с. Лесново, изградба на два парка во чест на заштитниот симбол на општина Чешиново-Облешево – белиот штрк во с. Чешиново и с. Соколарци, реконструкција на ски лифтовите на Пониква, опремување на сензорни соби во детски градинки во Штип, Делчево и Кочани, па сè до асфалтирање на патишта, изградба на колекторски системи, регулација на реки, изградба на потпорни ѕидови за заштита од поплави, мостови за поврзување и уште многу други проекти кои што до ден денес им служат на граѓаните.

**Која е улогата на Центарот за развој на Источен плански регион во однос на проектите, детектирањето на потребите на општините, како се стигнува до тоа детектирање, која е улогата на општините и колку тие партиципираат со свои идеи во целиот овој процес?**

-За нашата работа е исклучително значајно да се слушнат што поголем број на мислења за правецот кон кој треба да се движи развојот на регионот. Сите проекти кои досега биле аплицирани се во согласност со Програмата за развој на Источен плански регион, што е создадена со помош на граѓаните на регионот преку учество на работни состаноци и консултации. Идентификацијата на проектите ја правиме преку одржување на регионални форуми како тематска алатка за поголема партиципативност и инклузивност на граѓаните во процесот на одлучување, но и преку сите останати инфо денови, настани за вмрежување и поединечни средби со здруженија и поединци. Кога зборуваме за аплицирањето на проекти, Центарот повеќе од 5 години спроведува регионални консултации на кои присуствуваат претставници од сите 11 општини, укажува Трајче Здравков.

**Нашето следно прашање се однесува на тоа кои европски држави се најголемите донатори во нашиот регион.**

Развојот на Источниот плански регион не може да се замисли без нашите донатори. Во досегашната работа на Центарот скоро сите амбасади преку своите програми помогнале во подобрување на животот на жителите на Истокот. Амбасадите на Соединетите Американски Држави и на Шведска преку своите програми за работа повеќе години вложуваат во зајакнување на капацитетите на локалните самоуправи и подобрување на состојбата со граѓанското учество во управувањето со јавните финансии. Владата на Швајцарија силно го поддржува Источниот регион преку своите програми, фокусирајќи се првенствено на заштита и зачувување на природата, одржливо управување со природните ресурси, постигнување на порамномерен регионален развој, подобрување на социјалната заштита. Со помош на Амбасадата на Јапонија секоја година сме сведоци првенствено на подобрување на условите во здравствените институции во регионот, преку набавка на современи медицински апарати кои го подобруваат квалитетот на услугите кои ги добиваат граѓаните и овозможуваат навремена детекција и третман. Тука секако не можам а да не ги споменам и нашите пријатели од Република Словенија, Република Италија, Република Турција и останатите меѓународни претставници кои што излегуваат во пресрет на барањата на локалните самоуправи, во рамките на сопствените можности и стратешки определби за подобрување на животот на населението, вели нашиот соговорник Здравков.

***Вратата на Центарот за развој на Источен плански регион е отворена за сите кои имаат некаков проблем кој треба да се реши, имаат некаква идеја или сакаат да придонесат за подобрување на животот на граѓаните од Источниот плански регион.***

**Како странските донатори ја контролираат употребата на средствата кои тие ги донираат на регионот преку Центарот за развој на Источен плански регион?**

Центарот за развој на Источен плански регион е препознатлив помеѓу странските донатори како доверлива и компетентна институција која што може да реализира проекти во согласност со определбите на странските донатори. Како и во секој друг проект, така и странските донатори кои директно имплементираат дел од своите програми преку Центарот за развој на Источен плански регион ангажираат надворешни ревизорски куќи кои вршат проверка на наменското трошење на средствата и определуваат дали правилно се искористени средствата кои биле доделени. Во досегашната работа сме имале одлична соработка како со претставниците на амбасадите, така и со ангажираните ревизорски куќи кои што само ја потврдиле заложбата на институцијата за транспарентно, ефикас- но, ефективно и домаќинско работење, укажува Здравков.

**Но, како во Центарот ја гледаат политиката за рамномерен регионален развој во иднина?**

Рамномерениот регионален развој е процес на идентификување, поттикнување, управување и искористување на развојните потенцијали на планските региони. Согласно националните и меѓународните програми кои се отворени за аплицирање на проекти за регионален развој,центарот максимално се труди да ги искористи сите фондови за реализација на проекти и активности кои носат додаден вредност на Источниот регион.Морам да напоменам и дека ресорното министерство за локална самоуправа дава силна поддршка на центрите за регионален развој во реализацијата на програмите и проектите и убеден сум дека  во иднина поддршката ќе биде уште поголема.

**Со Проф. д-р Дејан Мираковски, кој ја доби довербата за уште еден ректорски мандат на Универзитетот „Гоце Делчев“**

# Визионерска универзитетска заедница, која става акцент на квалитетот, иновациите и инклузивноста во високото образование



Универзитетот „Гоце Делчев“ и во наредните три години ќе го води проф.д-р Дејан Мираковски, кој на највисоката раководна функција-ректорската беше и во периодот 2022 – 2025 година. Тоа беше повод за разговор со првото лице на УГД на теми од значење за сегашноста и иднината на единствената државна високообразовна институција во Источниот регион.

**✹Г-дин ректор, по што оваа година ја оценувате како посебна во работата и постоењето на Универзитетот „Гоце Делчев“?**

-Универзитетот „ Гоце Делчев “ – Штип годинава го одбележува своето полнолетство, навршувајќи 18 години постоење. Денес се наоѓа на клучна раскрсница во својот понатамошен развој – момент кој бара визија, одговорност и одлучност. Како автономна и општествено одговорна академска институција, УГД има обврска да продолжи да ги надгради постоечките достигнувања, но и да го насочи својот развој кон предизвиците на новото време - дигитална трансформација, интернационализација, одржлив развој и активно учество во европскиот образовно - истражувачки простор. Светот, а со тоа и високото образование, се менуваат со огромна динамика, а Универзитетот „Гоце Делчев“ мора не само да ги следи овие промени туку и да биде двигател на истите, вели ректорот Мираковски и додава дека мисијата и визијата на универзитетот за периодот кој следува се базира на три клучни столба и тоа:

- Имплементација на европските стандарди преку активно учество во алијансата ACE2EU;
- Фокусирање на научно - истражувачката работата на Универзитетот кон приоритетите на европската програма Horizon Europe и Националната стратегија за паметна специјализација, и
- Унапредување на сите процеси и структури на Универзитетот со цел подобрување на квалитетот на наставата, истражувањата, соработката со стопанството и општествениот ангажман.

**✹На нашето прашање каде сакаме да го видиме УГД до 2028 година, ректорот го дава следниот одговор:**

-Нашиот Универзитет се стреми да биде современа, иновативна и општествено одговорна високообразовна институција, цврсто вградена во европскиот академски простор и глобалните образовни текови. Неговата визија е да се етаблира како институција способна да ги задоволи потребите на младите и да ги трансформира нивните знаења и вештини во високо профилирани професионалци подготвени да ја прифатат иднината и новите технолошки достигнувања.

Како високообразовна институција рамноправна членка на Европската универзитетска алијанса „*Применет, Поврзан, Претприемачки и Ангажиран Европски универзитет – ACE$^2$EU*“, Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип е посветен на унапредување на амбициозна, интегрирана и визионерска универзитетска заедница, која **става акцент на квалитетот, иновациите и инклузивноста во високото образование** преку активни и применети пристапи во учењето, и на развивање на претприемнички начин на размислување и општествена ангажираност, насочени кон воспоставување на европски меѓу-универзитетски кампус способен да генерира извонредност, партнерство и развој.

**✹Го прашуваме ректорот Мираковски што, практично подразбира тоа?**

За нас, високообразовната дејност и креирањето на ACE$^2$EU Алијансата, подразбира стратешки развој на долготрајна, системска рамка на образовни, научно - истражувачки, иновациски, претприемачки и применети активности кои го афирмираат универзитетот како двигател на знаење, иновации и трансфер на технологии, и придонесуваат кон општествениот и економскиот развој на заедницата.

Во овие рамки, во согласност со основните европски вредности на демократија, слобода, владеење на правото, еднаквост, човекови права и човечко достоинство, солидарност и стремеж кон мир и правда,

Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип го заснова своето дејствување врз принципите на транспарентност, академска слобода и интегритет, извонредност, иновативност и социјална инклузија, негувајќи истовремено култура на дијалог, внатрешна и меѓународна соработка, меѓу-институционално партнерство и активно учество во европски образовни и истражувачки програми.

Преку својата визија во ера на глобализација, дигитализација, технолошки напредок и зелена транзиција, Универзитетот ја поддржува долгорочната цел на алијансата ACE$^2$EU за формирање на европски интеруниверзитетски кампус, кој ќе овозможи заедничко обезбедување на квалитетно, иновативно и општествено релевантно образование, истражување и иновација, и кој ќе значи поддршка на општествената трансформација и одржливиот развој преку активна соработка со локалната заедница, индустријата, институциите и меѓународните партнери.

**✹Едно од приоритетните прашања секако се и приоритетите во делувањето на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип во периодот што следува.**

-Секако дека тоа се важни прашања. Членството на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип во алијансата ACE2EU (Applied, Connected, Entrepreneurial and Engaged – European University) претставува еден од најзначајните исчекори што заедно го постигнавме на патот кон европеизација и интернационализација на Универзитетот. Оваа алијанса, поддржана од Европската комисија преку програмата ERASMUS-EDU-2024-EUR-UNIV-1, нѐ поврза со уште осум реномирани универзитети од Европската Унија и ни овозможи длабока институционална трансформација – не само како формални партнери, туку како рамноправни учесници во градењето на Европскиот универзитет на иднината.

Главната цел на нашата заедничка визија и долгорочна стратегија, во согласност со Иницијативата и Стратегијата за Европски универзитети, е воспоставување на европски меѓу - универзитетски кампус кој ќе промовира квалитет, интеграција и иновација во високото образование.

Преку продлабочена институционална соработка, заеднички студиски програми, мобилности, истражувачки активности и општествени иновации, се стремиме да изградиме правно признат Европски универзитет со европски и глобален дострел, репутација и влијание.

**✹Што, во овие рамки, ќе можат студентите?**

-Ќе можат да го персонализираат своето образование преку различни наставно - образовни програми, микро - квалификации и иновативни активности, како што се: ABC програмите, зимски и летни школи, културни калеидоскопи, хакатони, работилници, обуки, програма за студентски претприемачи, студентски амбасадори, волонтерски програми како и мноштво на мултикултурни и интердисциплинарни активности, и да бидат подготвени и квалификувани за решавање на реални општествени предизвици преку трансфер на знаење и отворена наука. Овие програми предвидуваат интензивна мобилност во рамки на алијансата – преку физички, хибридни и виртуелни формати, овозможувајќи го учеството на студентите во флексибилни и иновативни можности за учење, развиени од оперативните единици како APP-Factory, ARIES-Incubator и SPACE Centre.

**✹На што ќе се посвети посебно внимание?**

-Особено внимание ќе се посвети на вградување на европските вредности и идентитет во секоја образовна активност, промовирајќи културна писменост, граѓанска одговорност, инклузивност и одржлив развој. Со воспоставување на европски тимови за ко-креирање, составени од наставници, истражувачи и надворешни професионалци, ќе се поттикне трансфер на знаење, отворена наука и иновации. Воедно, како интегрална компонента на ова, ќе биде развојот на мултидисциплинарни програми кои ги адресираат дигиталната и зелената транзиција, во блиска соработка со индустријата, јавниот сектор и невладиниот сектор. Всушност, преку воспоставување на инкубатори за социјални иновации, центри за применети истражувања и Академија за претприемништво, ќе се гради образовен екосистем кој го негува претприемачкиот дух и ја засилува општествената улога на универзитетот.

**Алијансата ACE2EU, поддржана од Европската комисија преку програмата ERASMUS-EDU-2024-EUR-UNIV-1, нѐ поврза со уште осум реномирани универзитети од Европската Унија и ни овозможи длабока институционална трансформација – не само како формални партнери, туку како рамноправни учесници во градењето на Европскиот универзитет на иднината,вели ректорот Мираковски.**

**✹Што добива Унивезитетот со ова?**

-На овој начин, Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип ќе ја зацврсти својата позиција како препознатлива европска високообразовна институција, посветена на квалитет, инклузивност и трансформација на општеството преку образование, истражување, иновации и услуга на заедницата, а сето тоа ќе биде овозможено и потврдено преку континуираната евалуација и унапредување на наставата која ќе се спроведува согласно европските стандарди, со вклучување на студенти и надворешни експерти, со цел да се обезбеди и потврди квалитетот во високото образование.

Со вака дефинираната јасна цел на делување, транспарентна и отчетна работа, со вклучување на академската и студентската заедница, со почитување на академската слобода и промовирање на вредностите на знаењето, иновацијата и интегритетот – УГД ќе продолжи да го носи своето име со достоинство и визија, во духот на идеалите на својот патрон, Гоце Делчев.

# Штип е пред збогување со епитетот „Град на текстилот“

Конфекција која до пред четири години имала 340 вработени, денес работи со 80 лица зад машините. Друга конфекција која исто така пред четири години имала 240 лица на платниот список денес се грижи да обезбеди работа и плата за само 130 работнички. Трета конфекција која во најдобрите времиња вработувала околу 500 работнички, денес спаднала на бројката од 220 лица, а сопственикот размислува за затворање на бизнисот. Компанија која произведува навлаки за автомобили и поради тоа се смета за дел од автомобилската но и за дел од текстилната индустрија, пред пет години имала 2.200 вработени, денес работи со 800 лица помалку.

Ако во најголемата експанзија на оваа трудоинтензивна индустриска гранка Штип имаше над 70 фабрики со околу 7.700 вработени во оваа индустрија, и со тоа го стекна епитетот кој и денес му се препишува „Град на текстилот“, денес бројот на вработени е преполовен, а градот забрзано и сигурно го губи тој епитетет, што во превод значи дека губи голем број работни места.



Кире Нашков сопственик на конфекцијата Ларс која е меѓу првите три конфекции отворени во Штип, во во разговор за Штипски Глас вели дека нашиот-штипски но и севкупно македонски текстил, во принцип, е врзан главно за Германскиот пазар и во многу зависи од него.

„Тоа што најсилната индустриска држава во Европа последниве години западна во рецесија придонесе нашиот партнер од Германија за кого 70 проценти од нашата работа беше за него, да ја затвори својата компанија. Во исто време за да најдеш нов партнер и тој да се адаптира на нашиот начин на работа ти треба најмалку една година, па кога немаш друг избор ја превземаш работата зашто партнерот на чија врата ќе тропнеш за да обезбедиш работа за подолг период те уценува со цените велејќи дека работата ќе ја довери на конфекции во Романија или во Бугарија, евентуално во Бангладеш зашто таму му било поисплатливо“, вели Нашков.

Нашков укажува и на фактот дека кај нас ниту една власт не се погрижила да му помогне на текстилството прво како гранка која носи голема вработеност и решава значајни социјални прашања за голем број семејства, а второ како трудоинтензивна гранка која не создава големи профити за да може да дава поголеми плати, како што тоа го можат многу други гранки на стопанството но и во други земји во кои текстилната индустрија има поддршка од своите влади. Во Бугарија и Романија државата му помогна на текстилниот сектор со финансиска поддршка во процесите на автоматизација на производството, што е важна помош, а кое кај нас го немало и го нема, коментира соговорникот.

„Проблем е и минималната плата од 24.500 денари. Не би смеело таа да биде иста во гранка која е трудоинтензивна, каква што е текстилната индустрија, и во информатичка, металска и други индустрии кои оствару- ваат високи профити. Ако тука се средат работите како што треба, и ако младите не мислат само на одење во странство, текстилот би можел да има иднина, во спротивно најголем дел од конфекциите ќе се затворат со што уште поголем број работници ќе останат без своите работни места“, ни рекоа во друга конфекција каде сметаат дека текстилот во Штип најверојатно ќе стане минато за најмноду две до три години.

***Ако во најголемата експанзија на оваа трудоинтензивна индустриска гранка Штип имаше над 70 фабрики со околу 7.700 вработени во оваа индустрија, и со тоа го стекна епитетот кој и денес му се препишува „Град на текстилот“, денес бројот на вработени е преполовен, а градот забрзано и сигурно го губи тој епитетет, што во превод значи дека губи голем број работни места.***

# Квенбергер Логистик Македонија добитник на бизнис награда за успешна соработката помеѓу Македонија и Германија

Компанијата Квенбергер Логистик Македонија со седиште во Штип доби врвно признание за 2025 година за извонредно постигнување и придонес во зајакнување на економската соработка помеѓу Германија и Северна Македонија..

Признанието на штипската компанијана и беше врачено на првиот Македонско-Германскиот бизнис самит одржан во нашата земја (во Скопје), а на кој самит, покрај 350 бизнисмени од двете пријателски држави,присуствуваше и со посебен говор се обрати премиерот Христијан Мицковски кој говореше за важноста на развојот на бизнис соработката помеѓу двете држави.

Во образложението беше речено дека во категорија мали и средни претпријатија Quehenberger Logistics го добива признанието за извонредните логистички решенија, оперативна извонредност и долгорочна посветеност.

Во категорија големи претпријатија награда доби велешката компанија Маркарт, а наградеата е за нивната иновација, одржлив развој и висококвалитетно инженерство кое постојано ги поставува стандардите повисоко.




Трајан Ангелов, создателот на Квенбергер Логистик Македонија (втор од лево) со наградата

Беше напоменато дека овие компании го претставуваат духот на германско-македонската соработка и го трасираат патот за иднината на бизнисот во регионот. На самитот посебен акцент беше даден на соработката во сферата на автомобилската и останата технолошка индустрија со примена на дигитализација, роботизација и вештачка интелигенција.

**Бележиме**

# Калта во кругот на Клиничка болница е минато

Во кругот на Клиничка болница, откако дојде новиот директор д-р Владко Захариев, повеќе ништо не е исто. Калта која при секој малку поголем врнеж на дожд ја имаше на секој сантиметар во најголемата здравствена институција во Источниот регион, при што гледката која се пружаше беше голем срам за градот, а пред се за поранешното раководство на Клиничка, повеќе ја нема.



Би се рекло дека кога се има вистинска желба да се сработи нешто корисно и убаво тогаш парите не можат да бидат проблем. Целиот болнички круг, кој не е така мал, ургентно е асвалтиран, паркинг просторот убаво одбележан за да не се создава неред од возилата кои доаѓаат во болницата, со еден збор од еден голем срам и неред денес во регионалната болница имаме еден коректно уреден круг.

# „Најдоброто од Истокот“ замина на 16 адреси, признанието за животно дело за Иле Николов, човекот кој ја создаде и разви „Актива“ дооел



Во преубава атмосвера во импресивниот хотел „Мајбери“ во Свети Николе беа доделени признанијата „Најдоброто од Истокот за 2024 година“ и за животно дело на 16 стопански организации, стопански рководители, успешни институции и поединци, за хуманост, општествена одговорност, здравство, екологија, образование, култура, граѓанскиот сектор, женското претприемништво, спортот, а беше доделено и признанието за животно дело кое му припадна на **Иле Николов**, **создателот и прв човек на Актива дооел.**

Оваа манифестација е во организација на Регионалниот актив на новинари „Исток“, годинава истата се одржа во јубилеен-десетти пат, а изборот на најдобрите го извршија дваесет новинари и останати медиумски работници од Берово, Делчево, Виница, Кочани, Пробиштип, Штип и Свети Николе.

### *Признанијата ги добија:*

✹ Менаџер на 2024 година: **Сашко Наков,** генерален менаџер на Амфенол Технолоџи Македонија - Кочани

✹ За стопанство – **ЕАМ Штип.**

✹За образование – **Универзитет „Гоце Делчев“-Штип.**

✹ За хуманост-хуманитарно здружение **„Умиление“**-Виница.

✹ За здравство – **ПЗУ ГО-КО Медика** – Пробиштип .

✹ За женско претприемништво **Михаела Ѓорчева**-Свети Николе

✹ Култура: **Ефтим Трајчов Ѓаурски**, актер во Штипски театар.

✹ За уметност – **Јована Гуњова** – Штип

✹ За општествена одговорност: **Доброволно противпожарно друштво Пехчево.**

✹ За невладин сектор – **Надеж Норе** – Македонска Каменица.

✹ За маркетинг – **Лилјана Варадиновска**-Штип.

✹ За екологија – **Општина Берово.**

✹ Колективни спортови**: ОК Штип Студент** одбојка,

✹ За боречки спортови: **Лука Змејковски-Виница**, (Кик бокс).

✹ За маратонско трчање: **Жикица Ивановски**, Штип.

✹ За планинарство: **Мира Симоновска-**Делчево.



Иле Николов,
Актива доо



Сашко Наков, Амфенол
Технолоџи Кочани



Александар Патраклиски
ЕАМ



Ефтим Трајчов Ѓаурски



Јована Гуњова



проф.д-р Ана Никодиновска
Крстевска УГД



д-р Љупчо Милановски,
ГО-КО Медика



Рената Николовска,
Умиление



Емилија Ваканска,
Општина Берово



Лилјана Варадиновска



ДПД Пехчево



Михаела Ѓорчева



Михаела Павловска
од „Надеж-Норе“



Лука Змејковски



Ванчо Санев,
ОК Штип УГД


ФЛИПНИ
И УЖИВАЈ
ВИТАМИНКА
СТОБИ ФЛИПС
СО КИКИРИТКИ
WITH PEANUTS
40g
БЕЗ КОНЗЕРВАНСИ NO PRESERVATIVES ADDED
БЕЗ ВЕШТАЧКИ БОИ NO ARTIFICIAL COLOURINGS


KitGomarketi
КУМАНОВО
ПРОБИШТИП
СКОПЈЕ
М. КАМЕНИЦА
ДЕЛЧЕВО
КОЧАНИ
ПЕХЧЕВО
ШТИП
ВЕЛЕС
БЕРОВО
РАДОВИШ
НЕГОТИНО
СТРУМИЦА
КАВАДАРЦИ
ГЕВГЕЛИЈА
КИТ-ГО Маркети
Вкусно
Baron
ТЕРА
Luxy
Donna

# Што ново за Штип ќе донесе Законот за можно вработување на пензионери?



д-р Панче Пуздерлиски

***Штип има околу 400 пензионирани доктори, прашање е зашто на листата на професии во кои можат да работат пензионери ги нема специјалистите доктори иако во Клиничка болница има дефицит од нив...***

Постојано кај нас има укажувања на фактот дека Македонија станува земја на пензионери, а притоа поголем број фирми од разни индустрии речиси на дневна основа алармираат за недостиг од работна сила. Најверојатно и поради ова Владата на Македонија предложи, а Собранието усвои закон за работно на ангажирање на лица кои, до овој момент, не можеле да работат на законски начин без притоа личната штета да им биде поголема од користа. Тука



мислиме пред се на пензионерите кои се во добра физичка и секаква друга кондиција, а кои не легален начин не можеа да работат дури и на дефицитарни места, бидејќи на тој начин ќе го изгубеа правото на пензија па заработката ќе им беше помала од загубата. Овој закон стапува на сила од првиот ден од 2026 година.

Вработно лице, според овој закон, може да биде лице кое е во работен однос, вработено лице, самовработено лице, лица помлади од 18 години кои со општите прописи од работните односи ги пријавуваат условите за засновање на работен однос, студент, корисник на семејна и старосна пензија, со исклучок на корисници на семејна иновативна пензија и странец кој има регулиран престој согласно закон.

Штип е град на пензионери.Општината има над 11.200 пензионери наспроти околу 18.500 пензиски осигуреници што значи луѓе кои работат и за тоа примат плата. Оваа пропорција е мошне негативна зашто се смета дека еден државен пензиски фонд може да биде одржлив само ако соодносот помеѓу лицата кои работат наспорти бројот на пензионери е најмалку 3:1, а во штипскиот случај тој соднос е многу помал и со тоа ситуацијата станува загрижувачка.

Полза од овој закон ќе имаат фирми, поединци кои на ваков начин ќе можат да го дополнуваат семејниот буџет но и државата која ќе го полни буџетот. Секако дека и работодавачите кои ќе можат да најдат вработени и граѓаните кои ќе имаат можност да работат. Согласно законот предност ќе имаат угостителството, земјоделството и услужната дејност кои имаат недостаток на вработени. Ќе можат да работат студенти, пензионери, социјално загрозени лица, на кои согласно закон не им се прекинува правото кое го имаат на пензија, на социјална помош, на студирање, а ќе може да бидат ангажирани и средношколци.

Но, интересен е фактот дека на таа листа не се наоѓа здравството, посебно докторите специјалисти. Познат е фактот дека поголем број наши здравствени установи имаат проблем со специјалистичкиот кадар од разни профили. Недостасуваат анестетичари, ортопеди, интернисти, хирурзи. А во исто време во Штип има околу 400 пензионирани доктори.

„Јас ум подготвен, со целото мое професионално искуство да помогнам, ако тоа од мене го побара раководството на Клиничка болница и ако болницата оцени дека ортопеди им се потребни за определено време на ангажман,но и ако за такво нешто се добие одобрение од Министерството за здравство. Овде парите се второстепени, важно е пациентите да имаат можност да добиваат адекватна и навремена специјалистичка помош за нивното добро здравје“, ни изјави **д-р Панче Пуздерлиски,** познат специјалист ортопед.

Со дополнувањата на законот се предвидува придонесите за пензиско и здравствено осигурување да ги плаќа државата. На овој начин се очекува 30.000 лица да бидат ставени  во регуларниот систем.



Пишува:
**М-р Трајче КАЦАРОВ, писател**

# Со кого си – таков си

Она што го црпнав деновиве од општите извори на знаење е она што го тврдам откако знам за себе.А тоа е: Човекот станува личност само тогаш кога е во однос со другиот. Сам човек со себе не е личност зашто личноста настанува во комуникацијата со другите. Не случајно народниот гениј рекол: „Со кој си таков си." Тоа е единствената причина поради која немам верба во ресоцијализацијата на некои кои отстапиле од законските норми па поради тоа добиле соодветни казнени мерки. Во затворот, статистички гледано, најмногу има повратници. Повратници се оние кои еднаш направиле кривично дело, па, откакако ја отслужиле казнената мерка, повторно прават дело кое директно ги враќа на старото место, да не речам на старото огниште каде кучињата носат часовници, а мачките играат на Play station.

* * *

Татко ми од лично искуство внимаваше на тоа со кого се дружам на улицата и во училиштето. Мајка ми велеше ако ја удираш главата, удирај ја од големи камења. Сакаше да каже дружи се со личности. Колку што мене ме пазеа, толку, а можеби и повеќе мојата сестра.

Дедо Трајко оние со кои се дружев во училиштето, на улицата ту ќе ги наречеше пајташи, ту ајдамаци. Ајдамак разговорно значи неранимајко. Пајташ е именка од машки род што означува: другар, соучесник. Доаѓа од турскиот збор paydas. Ако со ајдамак си пајташ, соучесник во некоја работа, се разбира дека и ти си ајдамак.

* * *

Не би имало повратници во затворите ако казнетите по отслужувањето на казната не се вратат во старото јато.  Да речеме не се вратат на улиците каде им се пружаат идеални услови да го повторат делото за кое еднаш веќе биле санкционирани.

Основно правило  за не повторување на грешките е промена на средината која дава можности за злосторства, односно на работните навики што наведуваат на разбојништво. Дедо Трајко велеше, ако улицата те расте, таа и ќе ти го искова и карактерот. Секогаш е така, карактерот изграден на улицата е доминантен во однос на другите карактерни особености. Доминантниот ги подредува, па неговата доминација од ситуација во ситуација е се повидлива.

* * *

Усилбата на татко да ме држи понастрана од улицата, од уличните банди,  ме наведе да ја градам лиучноста, без тоа да го имам како стратегија или тактика, во комуникацијата со музиката, киното и литературата. Досега, во моите писанија, на неколку пати сум се навраќал на случката. Мислам нема да биде на одмет ако повторно потсетам на неа: Во мигот на мојата целосна предаденост на играта со децата од улицата, пред гаражата на Добре Астрија,  се појави сестра ми и на сет глас извика: „Ајде побрзај! Те вика тато. На радиото пее Вице Вуков!" Ја напуштив играта и со сестричето за рака отрчав дома колку-толку да фатам од песната на Вице Вуков.

* * *

Вице Вуков беше омилениот пејач на татко ми. Тато беше во голема жал кога на еден од музичките фестивали во тогашнава СФРЈ Ѓорѓе Марјановиќ со песната „Романа", победи, односно му ја однесе победата пред носот на Вице Вуков. Во тоа време беше победник на Сплитскиот фестивал со песната на Арсен „Дида мој".

Така започна градењето на личноста во комуникацијата, се разбира преку нивните дела, со омилените пеајачи, актери, филмови, книги на татко ми. И сето тоа траеше се до денот кога почнав самиот да ги бирам музичките, кино ѕвездите. Од Јосипа Лисац, Црвени Корали, Лео Мартин, па преку Индекси, Тајм, Смак, Ју група, до Ван Гог и Леб и Сол. Кај оние од странска продукција: Од Глитер Бенд, Тирекс, Свит, Слејд, па преку Филтфуд мек, Пинк Флојд, Бед Компани, Квин, до Рори Галагер, Питер Грин, Ерик Клептон и Би би Кинг. Во киното оние филмови кои ми останаа во трајно сеќавање се оние кои директно влијаеа на мојата личност. Од Бергман со „Седмиот печат", преку Буњуел со „Дискретниот шарм на буржуазијата" до Вуди Ален со „Ани Хол". Кај актерите од Џемс Дин-„Див", преку Роберт Редфорд –„Буч Касиди и Сансанд Кид", Сем Шепард „Не влегувајте со тропање" до Џон Траволта  „Грозница во саботата навечер"  и „Ефтини приказни".

* * *

За време на летниот распуст, по завршувањето на првата година од гимназиското школување, татко ме најде истргнат на спалната соба со романот на Марк Твен, Том Соер.

„Зарем не си голем за Том Соер?"- ми рече.

Тогаш не изреагирав, ама денес кога би имал можност, не само нему, секому би рекол: „Никогаш  не е доцна да комуницираш со ликовите на генијалните автори, мјузичари, актери, режисери!"

За да не отидеме предалку, најдобро е овде да го завршиме образложението на сентенцата: „Со кој си таков си."

„Але оп!" Што би рекол Курт Вонегат




# Измени на закон за средно, што значи ова за државната матура?

**Пишува:**
**Роберт Аџипетров**

Завршувањето на средното образование е поврзано со полагање на државна или училишна матура утврдено во Член 33, 35 и 38 од Законот за средно образование каде воглавно стои: „*Учениците кои ја завршиле последната година во средно образование полагаат државна матура или училишна матура според утврдени програми.*“ Учениците кои се одлучуваат да го продолжат образованието, односно да се запишат на некој факултет се одлучуваат за државна матура, додека пак за останатите за оформување на средното образование доволна е и училишната матура.

Законот за средно образование претрпе измени, а една од поголемите е токму во овој дел каде во членот 37 во новото законско решение гласи: „*Видови испити за завршување на средно образование се: државна матура, државна стручна матура, државна уметничка матура, училишна гимназиска матура, училишна стручна матура, училишна уметничка матура, завршен испит или меѓународна матура*.“ Евидентна е разликата помеѓу формата и содржината на новото и старото законско решение пред и по измената, но клучни се две прашања и тоа како прво што ова значи за идните генерации средношколци и второ од кога ова решение ќе се применува?

Одговорот на првото прашање може да се види во членот 38 од истиот закон каде што е утврдено дека учениците од гимназиското образование полагаат државна матура и/или училишна гимназиска матура. Учениците од Меѓународна програма за средно образование (ИБ програма) полагаат меѓународна матура и/или државна матура. Учениците од стручното образование со четиригодишно траење полагаат државна матура и/или државна стручна матура и/или училишна стручна матура.Учениците од средното уметничко образование полагаат државна матура и/или државна уметничка матура и/или училишна уметничка матура.

Концепцијата за испити ја изработува Државниот испитен центар, но она што е речиси сигурно дека ќе постои значајна разлика помеѓу овие различни форми на испити, а државната матура ќе го има приматот кога станува збор за изборот кој го нуди, но затоа и ќе биде поразличен тест од државната стручна или уметничка матура пред се поглед на „тежина“, односно истата воглавно ќе се базира на гимназиското образование. Учениците кои **положиле државна стручна матура** за запишување во високото образование можат да го продолжат своето образование на високообразовна установа, **но само на соодветна студиска програма**. Учениците **кои положиле државна уметничка матура** за запишување во високото образование, можат исто така да го продолжат своето образование **исклучиво на соодветна студиска програма**.

Во превод ова значи дека учениците од гимназиското образование кои сакаат да го продолжат своето образование на високо образование, полагаат државна матура односно тест изработен според програмите во гимназиско образование за потоа да имаат широк спектар за избор во поглед на продолжување на образованието. За разлика, учениците од стручното образование со IV ниво од МРК и од уметничкото образование кои сакаат да го продолжат своето образование на друг вид студиска програма на високо образование, различно од средното образование кое го завршиле, мораат исто така полагаат државна матура, тест кој е поразличен од она што го изучувале во текот на образованието.



Одговорот на второт прашање е дека овие измени важат веќе од следната година. Одговор доволно краток за да ни даде до знаење дека идните матуранти ќе имаат на прв поглед поширок спектар можни испити, кој парадоксално ќе значи потесен избор за продолжување во високо образование. Од оваа причина истите ќе мораат да посветат посебно внимание, а оваа измена исто ќе влијае и на изборот кој ќе го направат идните средношколци оваа година, затоа што истите треба и мораат да знаат дека промените понатаму ќе бидат потешки за реализација.

**(Авторот е директор на Педагошка служба, Министерство за образование и наука)**

**Марија Минчева Андонов, актерка во Театар Штип, добитничка на наградата за најдобра женска улога на фестивалот „Војдан Чернодрински“**

# Театарот има моќ да лекува, да воспитува, да постави значајни прашања, да не подигне...



На 59 по ред Македонски театарски фестивал „Војдан Чернодрински“' во Прилеп актерката Марија Минчева Андонов од Театар Штип го доби највисокото признание наградата за најдобра женска улога. Убав повод за разговор за единствениот печатен медиум во регионот.

**➤Марија, кажете ни нешто за себе и за тоа како донесовте одлука театарот да биде вашиот живот.**

- Родена сум, живеам и работам во Штип. Сопруга сум и мајка на две прекрасни деца и секако, актерка во Театар Штип. Со театар почнав да се занимавам уште од малечка. Прв пат застанав на сцена со професионални актери во средно училиште и кога го слушнав аплаузот, решив дека ова е тоа што сакам да го работам до крајот на животот.

**➤Колку време сте член на Штипскиот театар и за ова време колку пати сте се претставиле на театарската сцена?**

- Во Театар Штип почнав да работам веднаш по дипломирањето во 2009 година, а официјално станав член во 2013година. Од 2009 год имам некаде околу 38-39 премиери, а за реprизи не можам да ви кажам, нету ги бројам.

**➤Дали водите евиденција за тоа колку главни улоги сте одиграле, и ако мислите дека е упатно дали можете да издвоите некоја посебна главна улога на која сте посебно горди?**

- Сега кога ме прашавте се замислив... ги немам избројано главните улоги... Јас си ги сакам подеднакво сите улоги ( големи или мали), но еве ќе ја издвојам сега улогата на Мајката во ,,Сите прекрасни нешта”

**➤Каков колектив за Вас е Штипскиот театар?**

- Прекрасен! Ние сме како едно големо семејство кое меѓусебно се поддржува и навива еден за друг.

**➤Што за Вас значи актерството?**

- Актерството за мене е дом, семејство, слобода, посветеност и пожртвуваност. Нешто без што не би можела да си го замислам животот!

**➤А што Ви значат аплаузите на публиката, како и на кој начин осознавате дали штипската публика пред се за која постоите и за која играте, знае да препознае добро и со страст одиграна улога?**

- Аплаузите од публиката се признание за еден труд што сме го сработиле. Мене секогаш ми предизвикуваа прекрасно чувство. Нормално дека публиката знае да препознае добро одиграна улога, посебно оние кои постојано не следат.

**➤Добивте највисоко признание на фестивалот во Прилеп за главната улога (мајката) во претставата „Сите прекрасни нешта“ , па што мислите за самата претстава, колку текстот ви „легна“ дали е тоа лик како создаден за Вас и вашата перцепција на театарот како уметност...**

- Кога го прочитав текстот останав без зборови! До тогаш немав одиграно таков тип на улога и веднаш прифатив. Се пронајдов лично, во многу нешта внатре во текстот и тоа ми помогна полесно да ја усвојам улогата. Ова е една современа, фамилијарна драма, полна со надеж и мислам дека ваков тип на претстави му се потребни на секој театар.

**➤Колку време Ви требаше за да го подготвите ликот на мајката за на сцена? Дали овој лик бараше повеќе време од некои други главни ликови кои сте ги толкувале?**

- Времето беше исто како и за секоја друга улога, но поважна беше работата на режисерката Нела Витошевиќ. Таа преку психолошки вежби успеа да го изгради секој еден лик заедно со нас. Секоја проба беше како еден вид сеанса кај психолог. Така што кога дојде време да излеземе на сцена, ние веќе имавме готова претстава. Режисерката Нела Витошевиќ е професионалец и творец и најискрено посакувам секој актер да има можност да работи со режисер каков што е таа!

**➤Колку е важно, кога веќе на сцена изнесувате главна улога, и сите останати ликови кои играат во претставата да се на посакуваното ниво?**

- Не само дека е важно, туку е задолжително! Претставата е како еден вид машина која се движи и работи заедно со сите свои делови. Ако еден дел не работи, полека се распаѓа се'. Така е и со ликовите. Без разлика дали играш поголема или помала улога, треба да ја одиграш на највисоко ниво. Некогаш добро изиграна мала улога, привлекува поголемо внимание.

➢**Задоволни ли сте од тоа како штипјани го следат својот театар и неговите остварувања? Имаме ли ние „школувана“ театарска публика која знае да одреагира на вистински начин?**

- Секако дека имаме “школувана “ публика, публика која постојано ја следи нашата работа и разговара со нас после претстава. Но мислам дека Штипјани можат уште повеќе. Сеуште има луѓе кои прв пат влегле во Театар на 30 годишна возраст. Затоа треба од мали нозе да ги воспитуваме и учиме да го сакаат театарот.

➢**Дел сте од театарскиот свет во нашата држава па сметам дека е важно да се слушне Вашето мислење во однос на тоа дека ние во Македонија немаме театарска критика како што сме ја имале некогаш. Сметате ли дека тоа може да е сериозна кочница во развојот на театарот и театарската уметност. Зашто кога квалификуван театарски критичар ќе каже што е што во една претстава тоа треба да значи нешто, а актерите се посебно горди ако театарски критичар ги посочи токму нив како столб на претстава, со еден збор ако ги пофали за начинот на кој ликот го изнеле на сцената и пред публиката...**

- Критиката, како што кажува и самиот збор, треба да ја критикува нашата работа, а не само да ја фали. Секако дека е потребна, но доколку е реална! Се додека се фалиме и воздигнуваме на пријателска база, нема ништо да биде. Во тој случај подобро е да ја нема. Критиката е дел од нашата професија и не треба да се плашиме од неа.

➢**Нешто за кое Вие сметате дека е важно, а ние не сме знаеле да ве прашаме?**

- Ќе ја повторам изјавата од доделувањето на наградите... Театарот има моќ да лекува, да воспитува, да постави значајни прашања, да не подигне кога сме на дното и да не потсети дека постојат прекрасни нешта за кои вреди да се живее! Затоа одете на театар!

КУЛТУРА

# „Астибо Биг бенд“ – прво, надежно и мошне успешно

По пауза подолга од половина век Штип го доби својот биг бенд џез оркестар под името „Астибо“. Тригодишната идеја на група музичари, долгите проби на дипломирани музичари, професорите во ДМУЦ „Сергеј Михајлов“ и дел нивни ученици, под диригентската палка на Владимир Ботев од Скопје дадоа добар резултат.

Во речиси до крај исполнетата сала на Домот на култура „Ацо Шопов“ (на 3 јуни 2025 година) Здружението на музичари „Астибо Биг бенд“ приреди убав концерт на задоволство на бројната публика.

На програмата беа делата: 1. In the Mood, 2. One Note Samba, 3. All of Me, 4. That Warm Feeling, 5. Cute, 6. Splanky, 7. Wave, 8. Hyde Park 2am, 9. Island Breeze, 10. Summertime , 11. Soul Bossa Nova.

-Презадоволни сме од тоа како бевме примени од публиката. Само ни се потврди сознанието дека нашиот град има публика која ја познава џез музиката, ја сака и ужива во нејзината интерпретација. Одтука, ние кои ја изнесоваме идејата за формирање ваков оркестар сме презадоволни од целиот настан. Начинот на кој штипската публика го прифати концертот, како уживаше во него, само ни ја зајакна довербата дека правиме нешто добро за градот и државата, за љубите- лите на џезот и дека пред нас допрва е изодување на патот кон нови успеси и нови коинцерти, ни изјави м-р Горан Кавраков кој со своите колеги/колешки од ДМУЦ „Сергеј Михајлов“ - проф.м-р Елена Мирасчиева, проф.м-р Виолета Арсовска, проф.Славица Деспотова и проф.Кристијан Алексовски го формираа ова здружение чиј претседател е м-р Горан Кавраков.



Инаку, „Астибо Биг бенд оркестар“ има ритам секција ( тапани, бас гитара или контрабас, електрична гитара и пијано), секција саксофони и флејти, тромбони и труби. Оркестарот брои 21 музичар заедно со диригентот Ботев.

Неколку џез нумери отпеа професорката Виолета Арсовска чија интерпретација беше примена со воодушевување од публиката.

# Синдикалната организација при општина Штип, севкупен победник на 30 јублејни спортски игри на синдикатот на упоз во машка конкуренција

Од 05 до 08.јуни годинава, во Охрид, во спортски дух, фер-плеј и со многу дружење, успешно се завршија 30-те јубилејни спортски игри и средби на Синдикатот на УПОЗ. На овие средби учествуваа повеќе од 300 членови на Синдикатот на УПОЗ од 22 синдикални организации.

-На поканата на Синдикатот на УПОЗ за учество на 30. јубилејни спортски игри и средби се одзваа Министерот за јавна администрација Горан Минчев, Директорот на Фондот за здравствено осигурување Бранко Аџигогов и Директорот за фондот за пензиско и инвалидско осигурување Никола Мемов, кои со нивното присуство дадоа јасна поддшка за работата и улогата на Синидкатот на УПОЗ во унапредување на правата на работниците како репрезентативен синдикат во упарвата и правосудството, вели Борче Везенковски, претседател на синдикалната организација при Општина Штип.




Според Везенковски, во машка конкуренција, титулата ја понесе Синдикалната организација при Општина Штип со освени 12 бодови, додека во женска конкуренција најдобра беше екипата на Синдикалната организација при Општина Карпош со освени 19 бодови.

И оваа како и изминатите години на овие спортски игри Синдикалната организација на Општина Штип учествуваше благодарение на помоштa која преку што ја обезбеди преку спонзорство од општествено одговорни компании.

-На сите кои ни помогнаа ние, како синдикална организација, сме им бескрајно благодарни. Со други зборови без нивната подршка немаше можности да се настапува на овие игри и да се промовира Општина Штип како центар на истокот, вели Везенковски.






***Во машка конкуренција, титулата ја понесе Синдикалната организација при Општина Штип со освени 12 бодови, додека во женска конкуренција најдобра беше екипата на Синдикалната организација при Општина Карпош со освени 19 бодови. Од синдикалната организација на Општина Штип годинава учествуваа 18 учесници кои успешно ја докажаа својата оправданост на овие синдикални спортски игри во сите дисциплини***

-Од синдикалната организација на Општина Штип оваа година учествуваа 18 учесници кои успешно ја докажаа својата оправданост на овие синдикални спортски игри во сите дисциплини. Синдикалната организација на Општина Штип освои: 1 место во пливање (мажи), 2 место во пикадо (мажи), 2 место во кошарка (мажи), 3 место во тенис (мажи), 2 место во пливање (жени), 3 место во баскет (жени), 3 место во тенис (жени), 2 место во стрелаштво (жени), 2 место во пинг-понг (мешано) и главниот пехар во конкуренција на мажи, ги појаснува Везенковски нештата.

Според првиот синдикалец во Општина Штип, овие игри повторно потврдиле дека спортот е мост кој ги поврзува луѓето, гради пријателства и ја зајакнува синдикалната солидарност.

-Заедно создадовме уште едно незаборавно поглавје во историјата на Синдикатот на УПОЗ –исполнето со натпреварување, дружење, смеа и заеднички успеси. Честитки за победниците и благодарност до сите наши учесници, рече за Штипски Глас Борче Везенковски.!

Трпана се пораѓа во болница, вика од болки и му ја стега раката на Трпе. Трпе загрижен и вика:
– Трпано, љубов моја, многу ми е жал што мора ова да го трпиш!
А Трпана му враќа:
– Ма уживај ајде, не си ти крив!

Цветко и Трпе седат на кафе и прават муабет:
– Се плашиш ли од пајаци?
– Не, зошто?
– Па добро е тоа, затоа што еден само што ти ја дигна колата.

Наставничката го прашува малиот Трпе:
– Трпе, колку се 5 + 5?
– 11 наставничке!
– Трпе, ај извади ги рацете од џеб и преброј повторно.

– Докторе, жена ми ја боли грлото и го изгуби гласот, што да правам?
– Уживај човеку, уживај!

Сега пред малку, еден човек седеше во паркот со телефонот во рака и слушалките во уши. Бев убеден дека слуша музика, се додека после 20 минути не рече:
– Љубов, може ли јас нешто да кажам?
XFacebookMessengerWhatsAppViberTelegramEmail

Цветко го сопира полиција и му вика:
– Господине, ќе мора да правиме алкотест.
Цветко возбудено му враќа:
– Па тоа бе, каков алкохол ќе тестираме?

Трпе ги собрал жена му, комшивката и швалерката и им вика:
– Жени, криза е, ќе има отпуштања!

Трпе, што ќе ми подариш за 8-март?
– Ништо.
– Можеш барем да ми кажеш дека сум убава…
– Е тоа за 1-ви април Трпано!

Жена си го посетува мажот во затвор.
-Мажу мој твојот адвокат ми кажа дека ти ја намалиле казната од 10 на 8 години.
-А ти жено моја, се израдува ли?
-Немаш претстава колку, кога ми кажа за малку ќе му испаднев од кревет.






# ТР-МР




Размислува: Iv. BOJ

За четири месеци имаме нови избори.
Мора итно да се изгради пругата
од Македонија до Бугарија
За „Бугарскиот воз“ безбедно да
стигне кај нас.

Наше здравство и се е можно.
Ќе те фатат бубрези,
ќе те лекуваат на кожно.

Не се расправај со луѓе
кои многу и гласно галамат.
Прво на нив не можеш да им докажеш ништо,
Второ, сигурно ќе ти го расипат денот.

Оние кои за себе говорат дека
се најубави,
сигурно дома немаат огледала
за да се соочат со вистината.

Ако зад себе сте оставиле
макар и најмало, ама добро дело
Можете да сметате дека
Вашата мисија во животот е исполнета.

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | 8 | | |
| | | | 6 | 3 | | 9 | | |
| | | | | | | | 6 | 2 |
| | 8 | | | | 4 | | 2 | |
| | 9 | | | | 5 | 3 | | |
| | | | 3 | 6 | | | | 1 |
| 4 | 1 | | | 9 | | | | |
| | | 7 | 8 | | | | 1 | 3 |
| | | 3 | | | 6 | | 5 | |





## ИМПРЕСУМ

Издавач: Медиум Боја 43 – Штип
Седиште на фирмата и адреса на редакцијата:
Ул. „Тошо Арсов“ бр. 23 – 2000 Штип

Одговорно лице: Иван Бојаџиски

Излегува еднаш месечно
Првиот број излезе во месец април,
2009 година
Главен и одговорен уредник:
Иван Бојаџиски 078/375582

Графички уредник:
Јорданчо Бојаџиски, 078/473094

Овој број е отпечатен на 30.05.2025 година
Тираж: 1.000 примероци

Ж-ка: 290000002136767
Едб:4029019522191
Т.Т.К. банка А.Д. Скопје
Годишна претплата: 180 денари.

Печати: Европа 92-Кочани,
ул. „Крижевска“ бр. 52

За Штипски глас
се плаќа повластена даночна стапка од 5%

ISSN 2545-4498
Непотпишаните текстови се на Иван Бојаџиски

совет за етика во медиумите на македонија

Нашата редакција е членка на Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), со што целосно се залагаме за почитување на етиката и професионалните стандарди во известувањето. СЕММ е тело за саморегулација во медиумите и е орган што ги разгледува и одлучува по жалбите во однос на известувањето на медиумите .

| | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ш.Г. | Госпоѓа (тур.) | Индиго билка | Загари | Болно прецену-вање на самиот себе | Вид краток мач | Композ. за девет гласа | Спев | Пејачката Бренин-генерал | Филм со Мадона | Кошарк. сојуз на Македон. (скр.) | Збир на анатомски елементи | Кивавица (мед.) | Ампер |
| ***Артистка на фотосот*** | | | | | | | | | | | | | |
| Наш поет | | | | | | | | | | | | | Почнување нешто потик-нување |
| Старо грчки филозоф | | | | | | | Град во Италија / Тантал | | | | | | |
| Ориен-тална слатка | | | | | Држава (фр.) / Ангстрем | | | | | Герм. физичар Макс / Наш пејач | | | |
| Азот | | Мираз при-ќе (лат) / Дел од трамвај | | | | | | Итал. градител на виолин. Никола | | | | | |
| Коњ | | | Кислород / Египет. фараон | |  | | | | Прва буква | | Иван Цанкар / Хирурш. интервенц. | | |
| Ш.Г. | Стар град на Дунав / Португ. фуд.клуб | | | | | | | | Екс Итал. фудбалер Паоло | | | | |
| Девојка | | | | | | | | | Иво Патиера | | | Јод / Муслим. женско име | |
| Пејачот Славица | | | | | | | | | Езеро во Шпанија | | | | |
| Повреди | | | | | | | | | Старо-грчки диктатич. поет | | | | |
| Италија | | Елизабета Јосифовска / Автомоб. Фитипалди | | | | | | | Град во Кенија | | | | |
| Предмет на расправа | | | | | Малајски отров за стрели | Домашно говедо | Ш.Г. | Екс Амер. ганстер Ал | Наш рево. Мирче / Вид екс-плозив | | | | |
| Назив | | | | Креатор Сен Лоран / Спротив-ставување | | | Пустинско животно / Сател. на Јупитер | | | | | | |
| Античка област во Азија | | | | | | | | | | | | | Падеж во Угро-фи-нските јазици |
| Стара франц. пара | | | Роман од С. Попов / Турски големец | | | | | | | | | Шпанија / Зимски спорт | |
| Ш.Г. | Рачка на нож или сабја / Галиум | | | | Унгар. политичар Милтон / Иван Точко | | | | | | Исти букви / Сплит | | |
| Наш писател | | | | | | | | | | | | | |
| Жител на Потисје | | | | | | | Апсолутен супер-латив | | | | | | |

GREEN GARDEN
RESIDENTIAL COMPLEX

СОВРЕМЕН И КВАЛИТЕТЕН НАЧИН НА ДОМУВАЊЕ

*по најповолни цени...*



НОВ СТАНБЕН КОМПЛЕКС ВО ШТИП

070 22 22 07
070 24 24 22

www.aktivagreengarden.mk
info@aktivagreengarden.mk

- ВИСОКО КВАЛИТЕТНА ГРАДБА
- ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ А КЛАСА
- СОПСТВЕНО ЦЕНТРАЛНО ГРЕЕЊЕ
- ГАСНА ИНСТАЛАЦИЈА ЗА СЕКОЈ СТАН
- ОБЕЗБЕДЕН ПАРКИНГ ПРОСТОР
- ЦЕНТРАЛЕН ПАРК СО ВОДЕНИ ПОВРШИНИ

AKTIVA